ЈКП "ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА"
Бр. 04-211/3
14.09.2022 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 32 од Статутот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп ,член 10, член 44 и член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20 и 215/21), а во врска со Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 258/2022 доставен од Агенцијата за админситрација на Република Северна Македонија бр.10-1534/7 , Директорот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп,ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас бр.258/2022, за работно место „Самостоен референт-главен магационер"**

1.Врз основа на објавениот јавен оглас за пополнување на работни места на административни службеници по пат на вработување на неопределено време бр.258/2022, објавен од страна на Агенцијата за администрација на Република Македонија по барање на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, , во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха",

- **За пополнување на работното место „Самостоен референт-главен магационер"-Одделение за комерција-Сектор за финансиско работење, шифра на работно место КДР 01 02 Г01 042, со средно/вишо образование и најмалку 3 (три) години работно искуство во струката, на неопределено време се избира кандидатот**

  - **БОРИС МАРКОСКИ од Прилеп**

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на јавни службеници-подгрупа администрартивни службеници формирана со решение бр.10-1534/3 од 22.08.2022 година во функција на спроведување на постапката за вработување на административни службеници во ЈКП„Водовод и канализација"-Прилеп, по објавениот оглас за вработување на административни скужбеници бр.258/2022 објавен на ден 09.08.2022 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", спроведе постапка за вработување согласно одредбите од Законот за административни службеници.

Согласно Записникот за извршена административна селекција на административните службеници бр.10-1534/4 од 24.08.2022 година, Записникот од спроведениот испит за административните службеници бр.10-1534/5 од 05.09.2022 година, Записникот од спроведена проверка на веродостојноста на докази и интервју за административните службеници бр.10-1534/6 од 06.09.2022 година, Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, до ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп достави Предлог за вработување на кандидати бр.10-1534/7, по јавниот оглас бр.258/2022.

ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатот и согласно предлогот за вработување на кандидати по огласот бр.258/2022 година и согласно одредбите од Законот за административни службеници, го избра кандидатот наведен погоре во одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за админситрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈКП „Водовод и канализација"
Прилеп
Директор
Игор Гулабоски

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА" Прилеп